| **Неделна тема** | Црвени плодови |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Цреши и јагоди |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Сваќање на значењето и практицирање на определен здравствено-хигиенски биоритам во севкупните активности преку ден, особено исхраната , одморот, движењето и играта. |
| **Активност** | Прочитајте му ја на детето стихотворбата:<br><br>**ПРОЛЕТНИ ПЛОДОВИ**<br><br>Пролетта прво е зелена,<br>а потоа румена,<br>kако две образчиња детски.<br><br>Едното ко јаготка,<br>слатка и црвена цела,<br>другото ко цреша зрела.<br><br>Потоа поведете разговор за природата во пролет. Освен шаренилото на цвеќиња и други билки, во овоштарниците зреат првите овошни плодови. Покажете му на детето плодови на цреша и јагода (слика бр.1, 2).<br>Набљудувајте заедно каква е формата, бојата, каде растат, колкава е ползата од нивно консумирање и во каква форма ги користиме. Може да се прави сок, џем, компот и како додаток на разни колачиња.<br>Заедно со детето добро измијте ги и потоа вкусете ги и опишете го вкусот на цреshата и јагодата и во што се разликуваат.<br>Со детето потоа може да моделирате цреши. Скршете од некоја грмушка во блиската околина, мали рачки со лист. Со пластелин во црвена боја моделирајте топчиња, а потоа на секое топче ставете рачка. Наредете ги во чинија. |